**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4594 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Вториот десетдневен период, од 12 до 21 септември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 20 часот, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 38 минути и 3 секунди (4 часа 33 минути и 20 секунди претежно

информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави, и 4 минути и 43 секунди аналитички жанрови).

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:46 | 0,65 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:42 | 1,35 % |
| Други субјекти | 00:47:00 | 17,20 % |
| Привремена комисија | 00:04:17 | 1,57 % |
| СДСМ | 00:15:01 | 5,49 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:34 | 3,50 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:43 | 6,85 % |
| Без субјекти | 00:26:00 | 9,51 % |
| Граѓански сектор | 00:16:08 | 5,90 % |
| Влада на РМ | 00:35:10 | 12,87 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:49 | 1,40 % |
| Експерти/аналитичари | 00:29:05 | 10,64 % |
| Специјално обвинителство | 00:17:19 | 6,34 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:46 | 0,65 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:04 | 1,49 % |
| Судство | 00:08:05 | 2,96 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:10:21 | 3,79 % |
| Собрание на РМ | 00:03:10 | 1,16 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:48 | 0,29 % |
| Претседател на РМ | 00:01:27 | 0,53 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:36 | 0,22 % |
| ТМОРО | 00:00:36 | 0,22 % |
| ВМРО ДП | 00:00:36 | 0,22 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:07 | 0,77 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:08 | 0,41 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:44 | 0,63 % |
| Локална самоуправа | 00:03:57 | 1,45 % |
| ДПА-ДР | 00:01:03 | 0,38 % |
| ДУА - Демократска унија на Албанците | 00:00:33 | 0,20 % |
| Левица | 00:01:18 | 0,48 % |
| Демократски сојуз | 00:00:50 | 0,30 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:37 | 0,59 % |
| | Вкупно: 04:33:20 | 100 % |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„други субјекти“*, *„Влада на РМ“* и *„експерти/аналитичари“*. Во овој извештаен период под категоријата *„други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: професори, адвокати, новинари, стопански комори, институти, НБРМ, Скопска леарница, ЗАМП, МФФК „Браќа Манаки“, Фондација „Трајче Мукаетов“, Викиликс, сеизмолошка опсерваторија, УКИМ и др. Владата на Република Македонија е присутна со 35 минути и 10 секунди, преку активностите и реакциите на неколку министерства на следниве теми: предлог буџет на РМ за 2017 година; социјално загрозено семејство од Прилеп; обиди за киднапирање деца во Скопје; канцеларија за дополнителниот заменски министер Љупчо Николовски; и делови од интервјуто на министерот за надворешни работи Никола Попоски дадено за Радио Слободна Европа (емитувани на 17 и на 18 септември). Категоријата *„експерти/аналитичари“* е застапена со 29 минути и 5 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми – предлог буџетот за 2017, извештајот на Специјалното јавно обвинителство и за социјалните прашања. Во методолошката категорија *„без субјекти“* (26 минути) се кодирани прилозите базирани на изјави на граѓани (ученици, студенти, работници, жители погодени од земјотресот и од поплавите, бегалци и др.).

Од политичките партии најмногу време е одвоено за СДСМ (15 минути и 1 секунда) и ВМРО ДПМНЕ (9 минути и 34 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 13 политички партии (ДУИ, СПМ, ВМРО-НП, ТМОРО, ВМРО-ДП, ГРОМ, ППД, ДПА, ДПА-ДР, ДУА, Левица, ДС и ОМ-Обединети за Македонија). Тие се присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции. На темите на кои има спротивставени мислења, на директните обраќања (изјави) на опозициските партии, владејачката ВМРО ДПМНЕ, а во некои случаи и носители на функции на власт од оваа партија, одговараат преку соопштенија и писмени реакции.

Освен предлог буџетот за 2017 и извештајот на СЈО, во вестите од 20 часот беа третирани и следниве теми: прекројување на изборните единици; одложено судењето за случајот „Ровер“; судскиот процес „Еразмус“; септемвриската „црна листа“ на УЈП и блокирање на сметките на должниците за РДТ; проблемите на семејството Ушкоски од Прилеп; бегството на штитениците од Домот за малолетници; протестот на учениците во Тетово; протестот на вработените во Скопска леарница; донаторската акција на Фондацијата „Трајче Мукаетов“; ревијалната трка „вози право, вози здраво“; протестот на граѓаните против паушалните сметки за парно греење; протестот на земјоделците за ниската откупна цена; и др.

На 18 септември, едноподруго се емитувани два прилога во кои министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски се појавува во двојна улога. Во првиот „Полицијата мора да биде сервис на граѓаните“, настапува како министер за внатрешни работи, а во вториот „Полицаец позорникар ќе патролира во населбата“, говори за изборната програма и настапува како генерален секретар на СДСМ.

Телевизијата во повеќето прилози настојува да обезбеди различни политички гледишта и мислења. Темите ги поставува проблемски, а ставот на медиумот при нивната обработка е неутрален.

Во анализираниот период емитувани се и два прилога обработени преку аналитички жанрови. Првиот е од вестите од 14 септември, и е за работата на СЈО. Коментарот е поткрепен со спротивставени ставови и мислења на два субјекти на кои им е емитувано и директно обраќање - на Горан Тозија (граѓански активист) и Александар Пандов (политички аналитичар), едниот со позитивен, а другиот со негативен став за работата на СЈО. Вториот прилог е од 19 септември 2016 година, и е насловен „Меѓуетничките односи како опасна играчка“. Говори за меѓупартиските препукувања по изјавата на претседателот на СДСМ, Зоран Заев, дека Македонецот не губи ништо, ако некој го добие своето право да се инкорпорира подеднакво во нашиот систем. Во анализата се пренесени делови од изјавата на Владо Димовски (Центар за меѓуетничка толеранција), од Пржинскиот договор и од извештајот на Европската комисија.

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:16:16 | 18,70 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:20 | 2,68 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:41 | 23,78 | % |
| СДСМ | 00:06:46 | 7,78 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:27 | 5,12 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:36 | 0,69 | % |
| Влада на РМ | 00:07:55 | 9,10 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:58 | 1,11 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:47 | 10,10 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:27 | 0,52 | % |
| Левица | 00:01:11 | 1,36 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:55 | 4,50 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:10 | 0,19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:15 | 1,44 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:00 | 3,45 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:25 | 0,48 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:20 | 0,38 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:54 | 1,03 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:16 | 1,46 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:52 | 1,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:31 | 1,74 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:28 | 0,54 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:38 | 0,73 | % |
| Привремена комисија | 00:01:19 | 1,51 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:32 | 0,61 | % |
| | **Вкупно: 01:26:59** | 100 | % |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за субјектите кодирани како *експерти/аналитичари* (20 минути и 41 секунда), потоа за категориите *други субјекти* (16 минути и 16 секунди) и *граѓански сектор* (8 минути и 47 секунди). Во последнава категорија се опфатени директни обраќања на претставници од Хелсиншки комитет, Еко свест, МЦМС, Полио Плус, Здружение на млади аналитичари, Институт за економски истражувања и политики, СОС Детско село, Здружение на земјоделци, Центар за меѓуетничка толеранција, ЗНМ, Цивил и Црвен крст.

Во неколку наврати, во овој мониториран период, во Дневникот од 20 часот, од медиумот е посочено дека е побарано мислење од Владата или од органите на државната управа, но дека не е добиен одговор или барањето е одбиено.

Од серијалот интервјуа со претставниците на различни политички партии на тема "Политички плурализам – партиски погледи" на 12 септември во Дневникот во 17 часот, кој не е предмет на анализа, емитувано е интервју со Стевчо Јакимовски од ГРОМ.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен сабота и недела е со директни вклучувања на гледачи кои го изразуваат своето мислење на одредена тема од политичкото и општественото живеење.

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 12 септември 2016 година, во 08 часот и 34 минути се емитуваше репризно издание со наслов:„Се гради ли по стандардите или хаотично – какви можат да бидат последиците?"

На истиот датум во 16 часот и 44 минути се емитуваше ново издание на емисијата на тема: „Скопје се тресе дали градбите можат да го издржат ударот?" Репризно издание на оваа емисија бележиме на 13 септември 2016 година со почеток во 08 часот и 09 минути.

Емисијата емитувана на 13 септември 2016 година, во 16 часот и 44 минути повторно е посветена на земјотресите и е насловена: „Се смири ли тлото, се смири ли паниката?" Репризното издание е на 14 септември 2016 година, во 08 часот и 08 минути.

На 14 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 59 минути емитувана е нова емисија на тема: „Судски одлуки: Градоначалникот Талески работи од дома, за професорите забрана". Оваа емисија е репризирана на 15 септември во 08 часот и 09 минути.

Новата емисија емитувана на 15 септември 2016 година, во 16 часот и 15 минути ја отвора темата: „СЈО – обвиненија за „шамарите" во Центар и „уништување докази", дали може да се очекува непристрасност од судот?". Репризното издание е емитувано на 16 септември во 08 часот и 08 минути.

На 16 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 14 минути е емитувано новото издание на тема: Почеток на студентската година – државни студии, квалитет, цена студентски стандард". Оваа емисија е репризирана на 19 септември во 08 часот и 07 минути.

Во емисијата емитувана на 19 септември 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути, темата е: „Дали државата заборави на сиромашните и болните", во оваа емисија има и директно вклучување на новинарот Огнен Јанески од Њујорк кој информира за состојбата по бомбашките напади во САД. Репризното издание на емисијата е на 20 септември во 08 часот и 06 минути.

На 20 септември 2016 година, гледачите го изразуваат своето мислење на темата: „Буџет 2017: повеќе пари за администрацијата и за отплата на долгови". Репризата на оваа емисија е на 21 септември во 08 часот и 07 минути.

На 21 септември 2016 година, во терминот од 16 часот и 16 минути „Очи в очи" е на тема: „(Зло)употреба на интервјуто со Катица Јанева на МРТ, кој е одговорен?"

Во информативниот интернет политички магазин *Трета порта* се пренесуваат колумни и статуси од социјалните мрежи на актуелни теми. Во овој серијал издвоени се темите: „Заев на натпревар на Шкендија", „Одлуката на македонските власти да постапат по барањето на Турција", „СЈО и првите обвиненија", „Привремената комисија и медиумите пред избори", „Земјотресите во Скопје", „Судењето на професорите во случајот „Еразмус" и др. Политичкиот магазин *Трета порта* беше емитуван на 12, 14, 15 и 19 септември 2016 година.

*Тренд – економија и бизнис* се емитува еднаш неделно со повеќе репризни изданија во другите денови. Во мониторираниот период реализирана е една емисија, а повеќе пати репризно се емитувани претходните изданија на емисијата.

На 12, 13, 18 и на 19 септември 2016 година, репризно се емитува емисијата на тема „Зголемен број на блокирани сметки во приватниот сектор", со интервјуа на Кире Наумов (дополнителен заменски министер за финансии), Неби Хоџа (Стопанска комора на Северозападна Македонија) и со академик Абдулменаф

Беџети. Водителката на емисијата, Анета Додевска посочува дека министерот за финансии, Кирил Миновски не одговорил на поканата за интервју.

На 19 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути емитувана е премиерна емисија на тема: „По поплавите и земјотресите, дали е Скопје безбедно за живеење". Гости во емисијата беа Даница Павловска (архитект) и Ацо Станковски (уметник). Емисијата е репризирана на 20 септември.

На 15 септември 2016 година, со почеток во 11 часот и 2 минути ТВ 24 Вести реализираше директно вклучување и во живо ја пренесуваше прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство.

*Интервјуа*

Во мониторираниот период од 12 до 21 септември 2016 година, на програмата на ТВ 24 Вести реализирани се повеќе интервјуа.

На 18 септември 2016 година, во 13 часот и 14 минути, емитувано е интервјуто на министерот за надворешни работи, Никола Попоски за Радио Слободна Европа. Делови од интервјуто беа емитувани и во Дневникот во 20 часот, на 17 и на 18 септември.

Во емисијата „*Патот до успехот*", на 17 септември 2016 година, емитувано е интервју со стопанственикот Дане Кузмановски, кое репризно се емитува на 18 и на 20 септември. На 13 септември 2016 година, репризно е емитувана емисијата „25 години независност" во која се објавени интервјуа со Љубчо Георгиевски, Стојан Андов и Петар Гошев. На 13 и на 17 септември 2016 година, репризно е емитувана емисијата „*Патот до успехот*" во која гостин е пензионираниот новинар Александар Стиков.

*Дебатни емисии*

Дебатните емисии секојдневно се присутни во програмската шема на ТВ 24 Вести со повеќе репризни изданија во текот на денот како и во деновите на викенд. Во емисиите се третираат актуелни теми со различни соговорници.

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 12 септември 2016 година, со почеток во 11 часот и 6 минути, емитувано е репризно издание на „Анализа 24". Дебатата беше на тема: Бизнисот трпи штета од поплавите. Гости беа бизнисмените Реџеп Јусуфи и Бекир Ферати и Неби Хоџа од Стопанската комора на Северозападна Македонија.

На 12 септември 2016 година, со почеток во 21 часот и 7 минути, емисијата *Анализа 24* реализирана е како „отворено студио", а гости во емисијата беа Вера Чејковска (сеизмолог), Мирослав Грчев (архитект) и Орхидеја Шурбановска (психолог). Темата беше: Скопје и вечерва се тресе, за и околу земјотресите. Репризното издание беше на 13 и 14 септември 2016 година.

Земјотресите во Скопје се тема и на емисијата *Анализа 24* емитувана на 13 септември со почеток во 20 часот и 54 минути, а гости во студиото беа Михаил Гаревски (директор на ИЗИИС) и Татјана Баевска Вучковиќ (директор на Здравствен дом Скопје). На 14 септември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ беше репризата на оваа дебата.

На 14 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 20 минути, тема на *Анализа 24* беше: „Дали сме подготвени за избори", а во дебатата учествуваа Љубица Пендаровска (Евроатлантски совет) и Митко Гаџовски (докторант по меѓународна политика). На 15 и 16 септември се емитуваше репризното издание.

На 15 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 43 минути, на тема: „Првите предлог обвиненија од СЈО", дебатираа адвокатите Александар Тортевски и Оливер Вуксановиќ и Александар Наков, поранешен јавен обвинител. За време на емисијата е емитувана снимена изјава од Александар Даштевски, универзитетски професор. Водителката нагласи дека ТВ 24 Вести за учество во дебатата поканила поголем дел од правните експерти кои што во изминатиот период ја критикуваа работата на СЈО и на обвинителката Катица Јанева. За учество во дебатата поканет бил и актуелниот јавен обвинител Марко Зврлевски, но сите ја одбиле поканата.

Обвинителот Зврлевски образложил дека е надвор од државата. Од медиумот е нагласено дека поканата за дебата во 24 Анализа останува отворена. Емитувани се две репризни изданија емитувани на 16 и 19 септември 2016 година.

На 16 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути, Анализа *24* беше на тема: „Случајот „Еразмус" – Дали власта најави војна на митото и корупцијата на факултетите или направи упад во автономијата на универзитетот. Се анализираше развојот на случајот во кој се обвинети професори од економскиот факултет. Учесници во дебатата беа Стојанче Геровски (адвокат на еден од обвинетите), и професорите Трајче Стојанов и Ненад Новковски. За време на емисијата емитувана е и снимена изјава на ректорот на УКИМ, Никола Јанкуловски и постара изјава од септември 2014 година, од професорот Бобан Шуклев, кој е еден од обвинетите. Емисијата има 2 репризни изданија на 17 и 20 септември 2016 година.

Тема на дебатата во *Анализа 24* на 20 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути е „Предлог буџетот за 2017", а гости во емисијата беа Љупчо Зиков (главен и одговорен уредник на „Капитал") и Фатмир Битиќи (извршен директор на Стопанска комора на Северозападна Македонија). Репризното издание беше на 21 септември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ.

На 21 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути, емисијата *Анализа 24* ја обработуваше темата „СЈО и првите две обвиненија". Во дебатата со спротивставени ставови учествуваа: Дејан Ѓорѓиевски (Центар за развој на медиуми), Алберт Муслиу (аналитичар) и Тони Науновски (професор, член на Комисијата за заштита од дискриминација).

***Сектор за програмски работи***